Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневни настани 31.12.2024

На 30.12.2024 во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода У.Ш.(50) од Битола. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени разновидни пиротехнички средства. По документирање на настанот против него ќе следува соодветна пријава.

На 30.12.2024 во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода А.О.(26) од Прилеп. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени 400 парчиња разновидни пиротехнички средства. По документирање на настанот, против него ќе следува соодветна пријава.

Денеска (31.12.2024) во 00.00 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од ЕВР Центар и Бит Пазар го лишиле од слобода К.А.(19) од Кочани затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.12.2024 во 20.00 часот во Скопје, на место викано Сончев град, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода З.С.(39) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.12.2024 во 20.25 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Е.А.(22) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.12.2024 во 10.50 часот и во 13.00 часот, полициски службеници од ОВР Неготино ги лишиле од слобода Д.Н.(19) и Ф.М.(21), двајцата од село Криволак, неготинско. Тие се сомничат дека во периодот од 29.12.2024 до 30.12.2024 одделе повеќе предмети од општинско основно училиште во село Криволак. Предметите биле пронајдени и вратени во училиштето. Д.Н. и Ф.М. биле приведени, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.12.2024 во 22.20 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.С.(31) од Петровец затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.12.2024 во 22.10 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.А.(39) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.12.2024 во 18.30 часот на улица „Видое Смилевски Бато" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Д.Ј.(26) од с.Мала Речица, тетовско, затоа што при преглед кај него и во возилото „бмв" со тетовски регистарски ознаки, кое го управувал, била пронајдена и одземена марихуана. Тој е задржан во полициска станица и по документирање на случајот, против него ќе следува соодветен поднесок.

На 30.12.2024 во 12.00 часот во Радовиш, полициски службеници од СВР Струмица - ОВР Радовиш го лишиле од слобода Д.Р.(30) од Шуто Оризари, скопско. При преглед кај него биле пронајдени разновидни пиротехнички средства. Запознаен бил јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Радовиш и по документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (31.12.2024) во 03.40 часот во Полициската станица Струга било пријавено дека на локалниот пат од населбата Теферич кон с.Шум, струшко, патничко возило „ауди" со охридски регистарски ознаки, управувано од Р.О.(27) од Охрид, излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, а со телесни повреди се здобил неговиот сопатник Л.М.од с.Заграчани, струшко, констатирани во Специјалната болница „Св.Еразмо" во Охрид. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Струга.

На 30.12.2024 во 20.35 часот во СВР Струмица било пријавено дека на магистрален пат Радовиш - Струмица, делница помеѓу крстосница за село Василево и Струмица, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „опел" со струмички регистарски ознаки, управувано од О.П.(47) од село Градашорци, струмичко и патничко возило „бмв" со струмички регистарски ознаки, управувано од М.Т.(21) од село Владевци, струмичко. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот М.Т., а со телесни повреди се здобил возачот О.П., констатирани во Медицински центар Струмица. Увид на местото извршила екипа на Полициската станица Струмица.

На 30.12.2024 во 13.24 часот во СВР Битола било пријавено дека на ул.„Карпош" во Битола, патничко возило „форд" со битолски регистарски ознаки, управувано од Г.С.(47) од Битола, удрило во З.Д.(61) од Битола. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила З.Д., констатирани во Клиничка болница Битола. Увид на местото на несреќата извршила увидна екипа од СВР Битола.

На 30.12.2024 во 19.00 часот во ОВР Гостивар, Н.И.(71) од с.Балиндол пријавил дека на улица „Балиндолска" во Гостивар бил каснат од куче скитник.

На 30.12.2024 во 12.30 часот на Градскиот пазар во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Б.И.(51) од Куманово затоа што кај него биле пронајдени и одземени околу 700 парчиња пиротехнички средства. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 30.12.2024 на ул.„Филип Втори Македонски" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода Д.Р.(32) и Ф.М.(43), двајцата од Битола, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени разновидни пиротехнички средства. По документирање на настанот, против двајцата ќе следуваат соодветни пријави.

На 30.12.2024 на ул.„Столарска" во Битола, полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода Б.М.(53) од Битола затоа што кај него биле пронајдени и одземени разновидни пиротехнички средства. По документирање на настанот против него ќе следува соодветна пријава.

На 30.12.2024 на ул.„Македонска" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода Д.Б.(36) и Г.М.(34), двајцата од Битола, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени разновидни пиротехнички средства. По документирање на настанот, против двајцата ќе следуваат соодветни пријави.

На 30.12.2024 во 19.30 часот во с.Матејче, општина Липково, полициски службеници од СВР Куманово извршиле преглед кај В.О(20), при што биле пронајдени и одземени над 500 парчиња пиротехнички средства. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 30.12.2024 во 09.00 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го привеле Е.И.(34), кој бил баран по потерница врз основа на наредба од Основен суд Куманово за издржување на казна затвор. Е.И. бил спроведен во Казнено - поправната установа Затвор Куманово за издржување на казната.

На 30/31.12.2024 во периодот од 23.00 до 05.00 часот, полициски службеници од СВР Тетово извршиле контрола во угостителски објект покрај автопат Тетово – Скопје, сопственост на Џ.М.(43) од Тетово. При контролата биле затекнати осум женски лица, од кои пет македонски државјанки и три странски државјанки кои го злоупотребуваат туристичкиот престо]. Тие биле приведени и задржани во полициска станица за понатамошна постапка.

На 30.12.2024 во 17.30 часот во ОВР Гостивар, 36 - годишна жена од Гостивар пријавила дека била измамена од едно лице за сума од 380 евра. Според пријавеното, лицето се претставило дека работи со хуманитарни организации од Косово и Албанија и дека за нејзино лекување биле обезбедени 7.000 евра, но за да ги добие требало да уплати 380 евра преку брз трансфер на пари. Како што е пријавено, таа позајмила пари и му ги пуштила, но веќе наредниот ден не одговарал на нејзините повици, по што сфатила дека била измамена. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.12.2024 во 22.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода З.Р.(61) од Скопје, постапувајќи по претходна пријава дека околу 17.00 часот во зградата во која живее на подрачјето на Центар физички го нападнал неговиот сосед И.С.(64). По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.12.2024 во 12.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров настанал пожар во патничко возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, сопственост на М.Н.(44) од Скопје. Според пријавеното, пожарот настанал при стартување на возилото и притоа делумно било зафатено и патничко возило „хјундаи" со скопски регистарски ознаки, кое било паркирано до возилото „ауди". Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема.

Денеска (31.12.2024) во 02.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 01.50 часот во населбата Нова Колонија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Б.Д.(22) од с. Р`жаничино, скопско и Е.Л.(39) од с.Долно Коњари, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 30.12.2024 во 20.30 часот во СВР Скопје, А.И.(69) од с.Инциково, скопско, пријавил дека околу 11.30 часот во с.Инциково, бил физички нападнат од Б.С.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.12.2024 во 21.20 часот во СВР Скопје, В.К.(38) од Скопје пријавила дека околу 19.00 часот во нејзиниот дом на подрачјето на Центар била физички нападната од М.П., која оштетила и дел од покќ̆ќ̆ината. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.12.2024 во 17.30 часот во СВР Скопје, А.М.(21) од Скопје пријавил дека на 29.12.2024 околу 03.10 часот пред угостителски објект на подрачјето на Центар бил физички нападнат од неколку лица, при што едно од нив му одзело личен накит. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 30.12.2024 околу 10.30 часот во СВР Скопје, 33-годишна жена од скопско пријавила дека околу 00.00 часот во семејниот дом била физички нападната од нејзиниот сопруг И.Џ.(39). Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Б.З.(36), В.В.(18), С.З.(57) и еден малолетник, сите од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 27.12.2024 во близина Велешко езеро, пријавените физички нападнале вработени во Шумска полиција, кои ги затекнале при бесправна сеча на огревно дрво, при што првопријавениот со нож канел повреди на двајца шумски полицајци и истовремено се обиделе да ги нападнат и со моторна пила.

СВР Велес поднесе кривична пријава против В.П.А.(34) од Кавадарци поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 28.12.2024, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени кокаин, марихуана, амфетамин, таблети МДМА, семки од канабис и пари во разни апоени.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против А.М.(53) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". Полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени повеќе куршуми со различен калибар.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Свети Николе поднесе кривична пријава против С.В.(40) од с.Стрезовце, општина Старо Нагоричане, вработен во ЈП „Национални шуми", подружница Куманово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „несовесно работење во служба". На 10.11.2024 во с.Живиќе, кумановско, со пропуштање на должен надзор, пријавениот постапил спротивно на Правилникот за видот и начинот на жигосување, начинот на издавање на испратница и пуштање во промет на исечено дрво по Законот за шумите, со што нанел материјална штета на И.П. во износ од 307.500 денари. На 20.11.2024, иако бил отсутен од работа, пријавениот му издал испратница на превозник за превоз на огревно дрво, кој ги товарил во товарно возило „ТАМ". Подоцна, при контрола на возилото од Шумска полиција, бил констатиран прекршок од Законот за шуми, по што дрвата и возилото биле одземени.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.А.(71) од с.Варвара, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во текот на 2024, пријавениот на приватен имот на место викано „Аџжино" во с.Варвара во зона на Националниот парк „Шар Планина" изградил објект, поставил дрвени столбови, дрвена тераса и темел без одобрение за градба од надлежен орган.